м-р Елена Апостолова, Добри Јовевски,
Гордана Анастасова

# РЕЧНИК

на поими од медиумската писменост

со

# ИГРОВНИ АКТИВНОСТИ

за усвојување, утврдување и примена на поимите од речникот



**Намали ризик - медиумска писменост на македонски јазик**

Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

DO NOT MIS/ DIS TechCamp Ohrid

DIG-ED

U.S. Embassy Skopje

м-р Елена Апостолова, Добри Јовевски,
Гордана  Анастасова

# РЕЧНИК

на поими од медиумската писменост

СО

# ИГРОВНИ АКТИВНОСТИ

за усвојување, утврдување и примена на поимите од речникот



**Намали ризик - медиумска писменост на македонски јазик**

Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

**Наслов:**
„РЕЧНИК на поими од медиумската писменост  со  ИГРОВНИ АКТИВНОСТИ за усвојување, утврдување и примена на поимите од речникот”
Проект: „Намали ризик - медиумска писменост на македонски јазик“

**Автори:**
м-р Елена Апостолова
Добри Јовевски
Гордана Анастасова

**Превод од англиски јазик на дел од помите и толкување на поимите од речникот:**
Проф. д-р Марија Гиревска

**Рецензенти:**
м-р Виолета Стевановска - наставник ментор
Огнен Чанчаревиќ - новинар

**Издавач:**
АД „КИРО ДАНДАРО” - Битола

**Главен и одговорен уредник:**
м-р Елена Апостолова

**Лектор**
Маја Катарова

**Графичко и техничко уредување**
м-р Елена Апостолова

**Тираж**
300

**Печати:**
АД „КИРО ДАНДАРО” - Битола

# СОДРЖИНА


Предговор ........ 5
Што е медиум? ........ 6
Зошто се важни медиумите? ........ 6
Кој е етичкиот кодекс на медиумите? ........ 6

Речник ........ 7 - 12

Игровни активности ........ 13-32
РЕШЕНИЈА на дел од активностите ........ 14
- Осумнасочник ........ 15
- Крстозбор 1 ........ 16
- Крстозбор 2 ........ 17
- Поврзи ги паровите 1 ........ 18
- Поврзи ги паровите 2 ........ 19
- Лавиринт 1 ........ 20
- Лавиринт 2 ........ 21
- Детектив на поими 1 ........ 22
- Детектив на поими 2 ........ 23
- Дешифрирање со анаграми 1 ........ 24
- Дешифрирање со анаграми 2 ........ 25
- Дешифрирање со анаграми 3 ........ 26
- Откриј кој наслов служи како МАМКА ........ 27
- Откриј каква е оваа ИНФОРМАЦИЈА ........ 28
- Откриј кои фотографии се УЛТРАЛАЖНИ ........ 29
- Креирај ВЕСТ ........ 30
- Креирај ТВ програма ........ 31
- Креирај информативно гласило ........ 32



**Намали ризик - медиумска писменост на македонски јазик**

# ПРЕДГОВОР

Проектот „Намали ризик - медиумска писменост на македонски јазик“, односно „Native terms of Media Literacy give you better capacity“ е субгрантиран проект на Do not MIS/DIS TechCamp Ohrid, организиран од Амбасадата на САД во партнерство со Диг-Ед.

Со помош на проектот „Намали ризик - медиумска писменост на македонски јазик“, термините од медиумската писменост ќе се преведат на македонски јазик и ќе се даде толкување на нив и на дополнителни поими што се дел од програмата за медиумска писменост. Учениците и наставниците ќе имаат можност да користат различни алатки за да ги усвојат и да ги применуваат термините од медиумската писменост.

Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.



Намали ризик - медиумска писменост на македонски јазик

# ШТО Е МЕДИУМ?

Медиум е средството или каналот преку кој се пренесуваат информации, пораки или се комуницира.

# ЗОШТО СЕ ВАЖНИ МЕДИУМИТЕ?

Медиумите се важни поради нивната улога во информирањето, образованието, забавата и формирањето на јавното мислење.

# КОЈ Е ЕТИЧКИОТ КОДЕКС НА МЕДИУМИТЕ?

Етичкиот кодекс на медиумите се принципите и стандардите на непристрасно, точно и објективно информирање на јавноста.



Намали ризик - медиумска писменост на македонски јазик

# РЕЧНИК

## А

**анимиран филм** - филм направен од цртежи или кукли што изгледаат дека се движат (како да се живи)

**апликација** - софтверска програма

## Б

**билборд** - огромна рекламна табла за огласување постери

**брошура** - книга со помал број страници, во мека подврска за некое актуелно прашање, со информативна содржина и сл.

## В

**вести** - известување за нешто; глас, новост. Нова информација за некој настан, лице или ситуација, што се пренесува преку средствата за јавно информирање, како што се: весник, радио, телевизија или онлајн-медиум

**визуелни медиуми** - средство за пренесување или споделување (комуницирање) информации/вести на визуелен начин. Ова ги вклучува дигиталните медиуми, како што се социјалните медиуми и мрежи, и традиционалните медиуми, како што е телевизијата

## Г

**гифови, GIFs - ГИФ (GIF)** е кратенка од „Graphic Interchange Format“ („Формат на графичка замена“). Гифот може да содржи повеќе од една рамка, така што може да се анимира. Анимираните гифови се прилично лесни за креирање. Најпопуларни видови гифови се видеогифовите, анимираните гифови и гиф-стикерите (налепниците)

## Д

**дезинформација (disinformation), лажна информација** - информација што се заснова на факти, кои погрешно се претставени, т.е. содржи мешавина од факти и неточни информации или полувистини
- вест што е создадена и споделена намерно од страна на некој што знае дека е лажна



Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

DO NOT MIS/ DIS TechCamp Ohrid DIG-ED U.S. Embassy Skopje

- намерно
- лажна или неточна

Нешто што е неточно или лажно, но се споделува намерно. Може да личи на некаква содржина што е направена од вештачка интелигенција (компјутер), а не од луѓе. Целта е да ве измами

**дигитален простор** - она што се прикажува на екранот на дигиталниот уред (на пр. лаптопи, компјутери, таблети или паметни телефони). Дигиталниот простор ја опфаќа виртуелната средина создадена од меѓусебно поврзани дигитални уреди, мрежи и интернет. Во дигиталниот простор има дигитални информации, содржина и интеракции (интернет, музика, електронски книги, филмови, видеа, Фејсбук, Тик-Ток, видео телефонски повици и сè што е дигитално)

**дигитални икони** (емотикони, гифови и мимови) слики или кратки видеа изработени на компјутер

**дипфејк (deepfake)** – види *ултралажна информација*

# Е

**емотикони (emoticons)** - емотикони се група знаци од тастатура (на пр. :) или :() кои обично претставуваат израз на лицето или, пак, навестуваат одреден став или емоција. Најчесто се користат во дигиталните (компјутеризираните) комуникации (како што е е-поштата/имејлот или социјалните мрежи, како Фејсбук, Инстаграм или Твитер, како и на платформите Вибер, Ватсап или Сигнал)

**етички стандарди** - принципи (начела), кои промовираат доверба, правичност, добро однесување и управување со однесувањето на една личност

# И

**известување** - соопштување информација за некого или нешто

**икона** - симболично или графичко претставување на некого или нешто

**интервју** - разговор, наменет за јавноста, што го води новинар со некоја личност

**Интернет** - светски раширена компјутерска мрежа што им овозможува на корисниците пристап до големите светски бази на податоци

**информации** - дадени или научени факти за нешто или некого




Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.
DO NOT MIS/ DIS TechCamp Ohrid DIG-ED U.S. Embassy Skopje

## К

**кликбејт (clickbait)** – види *мамка*

**клучни зборови** - најважните зборови во еден текст

**корисници** - лица што користат интернет (дигитални алатки, социјални мрежи, апликации)

## Л

**лажни вести** - лажни приказни што изгледаат како вести, се шират на интернет или се користат на други медиуми, обично за да влијаат врз политичките ставови или, пак, како шега

**леток** - парче хартија на кое се печати пропаганден (рекламен) материјал. Се разнесува на улица или во поштенски сандачиња

**лозинка** - низа знаци што овозможуваат пристап до компјутерски систем (на пр. е-пошта)

## М

**малинформација (malinformation)** - види *штетна информација*

**мамка, кликбејт (clickbait)**
- обично е потресен или сензационалистички наслов
- насловот и содржината на текстот не се совпаѓаат
- лажна информација за да измами или намами
- лажно наведува

Вид наслов што користи техники на манипулација со цел да ги натера корисниците да кликнат (притиснат, пристапат) на одредена содржина (наслов што нема информативна цел). Зборот clickbait е сложенка од два збора: click (притисне) и bait (мамка, на пр. мамката што се фрла за да се улови риба или други животни).

На пример, кога на Јутјуб или на социјалните мрежи ќе забележите наслов на видео со потресен наслов, само за да ве намами да стиснете на линкот, а, всушност, содржината не кажува ништо вистинито за веста што се споделува, ниту, пак, насловот има некаква врска со содржината на видеото. Едноставно, лажно ве наведува да кликнете на линкот сè со цел нивното видео да добие повеќе гледачи, оттука и поголема заработка


Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.
DO NOT MIS/ DIS TechCamp Ohrid DIG-ED U.S. Embassy Skopje

**манипулативни содржини** - злонамерни содржини со кои се обликува јавното мислење или се намалува довербата во вистинитоста на информациите

**медиумска порака** - информација предадена преку медиумски канали. (*преземено од речникот за медиумска писменост)

**мим, меме, мимови (meme, memes)** - мимовите се слики, кратки снимки (видеа), цитат или краток текст со хумористична содржина што се копира (залепува) и споделува, односно се шири многу бргу меѓу корисниците на интернет

**мисинформација (misinformation)** – види *погрешна информација*

**мислење** - напис во кој новинар изразува став на тема наместо само известување за фактите (на пр. колумна или дигитален блог)

**печатени медиуми** - најстарото средство за споделување информации/вести. Вестите или информациите се објавуваат во печатена форма (весници, списанија и книги)

**плакат** - голем оглас, објава со цртеж, фотографија и малку текст за информирање, рекламирање, пропагирање и сл.

**погрешна информација, мисинформација (misinformation)**
- нешто што е неточно или лажно поради човечка грешка
- ненамерно
- се повторува и се споделува без да се провери дали информацијата е точна

Обично е некаква грешка или недоразбирање, и нема за цел да измами, излаже или да повреди некого. Понекогаш може да личи на шега што некој ја сфатил сериозно или на некакво претерување.
поучни информации - информации што содржат поука, што се полезни.
проблематични информации - информации што предизвикуваат сомнеж и забуна

**пропаганда** - намерна манипулација преку употреба на симболи (зборови, гестови, слики, знамиња, споменици, музика итн.) на мисли, однесување, ставови и верувања


Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

## Р

**радиоемисија** - пренесување програма преку радио

**радиореклама** - реклама што се емитува преку радио (информација упатена преку радио за претставување определени стоки и услуги, со цел да се овозможи подобра продажба или да предизвика интерес кај поширок круг можни купувачи)

**реклама** - оглас со податоци за некого или нешто

**реклама од весник** - реклама (оглас) испечатена во весник

## С

**следбеник** - некој што следи одредена личност, група, организација итн., на страница или апликација на социјалните медиуми

**списание за деца** - списание со специјални разновидни содржини наменето за деца

## Т

**телевизиска реклама** - реклама што се емитува преку телевизија (информација упатена преку телевизиски канал за претставување определени стоки и услуги, со цел да се овозможи подобра продажба или да предизвика интерес кај поширок круг можни купувачи)

**традиционални медиуми** - старите средства за известување пред појавата на интернетот (печатени медиуми, филмски студија, музички студија, рекламни агенции, радио и телевизија)

## У

**ултралажна информација, дипфејк (deepfake)**
- изработена со помош на вештачка интелигенција
- лажна
- убедлива слика, аудио или видеоснимка

Слика, аудио или видеоснимка што е убедливо изменета со помош на вештачката интелигенција, со цел погрешно да се претстави одредена личност дека прави или кажува нешто што, всушност, не е направено ниту кажано.
На пример, кога се јавува видео од некоја јавна личност, која зборува нешто што, всушност, никогаш не го кажала. Или написи/вести што личат на вистински весник



Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# Ф

**факти** - нешто што се знае дека е точно, особено кога може да се докаже и потврди во секое време

# Х

**хаштаг/тараба** - знак со кој се групираат објавите на социјалните мрежи и платформите за споделување содржина со другите заинтересирани корисници. (Хаштагот или тарабата се става пред зборот или темата и со него веднаш се креира посебен линк и со тоа се категоризира содржината)

# Ш

**штетна или злонамерна информација, малинформација (malinformation)**
- точна информација, но со намера да наштети некому или да повреди некого
- точна, но штетна или злонамерна информација

Штетата се нанесува преку давање точна информација, која е извадена од контекст (значи таа е нецелосна, односно делумна), или кога е насочена само за да наштети некому


Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# ИГРОВНИ АКТИВНОСТИ

## =АЛАТКИ=

за усвојување, утврдување и примена на поимите од речникот

# РЕШЕНИЈА

на дел од активностите

## Детектив на поими 1

### На програмата

Леон и Сара гледаат ____ТЕЛЕВИЗИЈА____. На програмата има ____ВЕСТИ____ каде ____ИЗВЕСТУВААТ____ за најважните случувања во државата и во светот. Леон ги чека ____РЕКЛАМИТЕ____ затоа што сака да ги пее песните за производите што се рекламираат.

За утре најавија дека ќе има ____ИНТЕРВЈУ____ со ученикот што издал книга. Сара мисли дека тоа е ____ЛАЖНА ВЕСТ____, но Леон кажа неколку ____ФАКТИ____, кои докажуваат дека веста е точна. Сара го вклучи компјутерот затоа што сака да ги провери информациите на ____ИНТЕРНЕТ____. Таа ја знае ____ЛОЗИНКАТА____ од компјутерот, ги напиша ____КЛУЧНИТЕ ЗБОРОВИ____ во прелистувачот и дојде до посакуваните информации.

Сара и Леон го дочекаа интересниот ____АНИМИРАН ФИЛМ____ што сакаа да го гледаат.

## Детектив на поими 2

### Навики

Мојот дедо бил новинар. Тој бил уредник на неделното ____СПИСАНИЕ____ „Екран“. Кај него уште трае љубовта кон ____ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ____. Ужива во прелистувањето на страниците на ____ВЕСНИЦИТЕ____. Ги чита сите рубрики. Го интересира ____МИСЛЕЊЕТО____ на новинарите. Секогаш се лути кога ќе забележи дека некој новинар не ги почитува ____ЕТИЧКИТЕ СТАНДАРДИ____ во новинарството. Исто така го лути кога ќе прочита ____ШТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА____ или ____ПОГРЕШНА ИНФОРМАЦИЈА____. Тој секогаш ги насочувал своите новинари да пишуваат точни информации што се засноваат на ____ФАКТИ____. Вели дека во негово време немало толку ____МАНИПУЛАТИВНИ____ содржини и ____ПРОПАГАНДА____. Секогаш нагласува дека новинарството е одговорна професија.

## Дешифрирање со анаграми 1

АНИМАЦИЈА, ФИЛМ, ЦРТЕЖ, ЛИКОВИ МУЗИКА, СОДРЖИНА, ПОРАКА

**АНИМИРАН ФИЛМ**

## Дешифрирање со анаграми 2

ЕМИСИЈА, РЕКЛАМА, ВЕСТИ, МУЗИКА, ИНТЕРВЈУ, ВОДИТЕЛ

**РАДИО**

## Дешифрирање со анаграми 3

ВЕСТИ, ИЗВЕСТУВАЊЕ, РЕКЛАМА, ИНТЕРВЈУ, МЕДИУМ, ФАКТ, КОРИСНИК

**ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ**

## Откриј кои фотографии се УЛТРАЛАЖНИ

Сите фотографии се направени од авторите со помош на вештачка интелигенција.



**Намали ризик - медиумска писменост на македонски јазик**

Проект за креирање на речник, усвојување и примена на термините од медиумска писменост на македонски јазик

Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

DO NOT MIS/ DIS TechCamp Ohrid · DIG-ED · U.S. Embassy Skopje

# Осумнасочник

**ЗАДАЧА**: Пронајди ги скриените зборови меѓу буквите во табелата. Зборовите се напишани во сите осум насоки налево, надесно, нагоре, надолу, па дури и дијагонално. Откако ќе ги означиш зборовите, запиши ги по редослед буквите што ти останале. Доколку правилно си работел/а ќе добиеш скриена порака

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Б | Н | Т | Е | Л | Е | Ф | О | Н | И | А | М |
| И | Р | П | Р | О | П | А | Г | А | Н | Д | А |
| Л | А | А | Л | И | Р | К | И | З | О | И | К |
| Б | Д | М | К | Е | Д | Т | И | У | К | М | С |
| О | И | Н | Ф | О | Р | М | А | Ц | И | Ј | А |
| Р | О | К | А | И | Т | С | Е | В | Т | П | М |
| Д | И | М | У | И | Д | Е | М | С | О | А | М |
| А | М | А | Л | К | Е | Р | Л | Е | М | Н | О |
| С | П | Л | А | К | А | Т | Т | К | Е | Н | А |
| М | А | ~~А~~ | ~~П~~ | ~~Л~~ | ~~И~~ | ~~К~~ | ~~А~~ | ~~Ц~~ | ~~И~~ | ~~Ј~~ | ~~А~~ |
| К | Е | Д | О | У | Ј | В | Р | Е | Т | Н | И |
| Н | С | К | Т | Е | Н | Р | Е | Т | Н | И | И |

~~апликација~~
**билборд**
**вести**
**емотикони**
**интервју**
**интернет**
**информација**
**леток**
**мамка**
**медиум**
**плакат**
**пропаганда**
**радио**
**реклама**
**телефон**
**факт**

ЈАЗИК

Нови поими: ______________________________

______________________________




Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# Крстозбор 1




## ХОРИЗОНТАЛНО

**4.** Парче хартија на кое се печати пропаганден (рекламен) материјал. Се разнесува на улица или во поштенски сандачиња.

**7.** Информација што се заснова на факти, кои се погрешно претставени.

**8.** Филм направен од цртежи или кукли што изгледаат дека се движат (како да се живи).

**10.** Голем оглас, објава со цртеж, фотографија и малку текст за информирање, рекламирање, пропагирање и сл.

**12.** Мисинформација, нешто што е неточно или лажно поради човечка грешка.

## ВЕРТИКАЛНО

**1.** Огромна рекламна табла за огласување постери.

**2.** Оглас со податоци за некого или нешто.

**3.** Намерна манипулација преку употреба на симболи (зборови, гестови, слики, знамиња, споменици, музика итн.) на мисли, однесување, ставови и верувања.

**5.** Светски раширена компјутерска мрежа што им овозможува на корисниците пристап до големите светски бази на податоци.

**6.** Пренесување програма преку радио.

**9.** Соопштување информација за некого или нешто.

**11.** Лица што користат интернет (дигитални алатки, социјални мрежи, апликации).

**13.** Кликбејт односно потресен или сензационалистички наслов.

# Крстозбор 2



## ХОРИЗОНТАЛНО

**2.** Најважните зборови во еден текст

**3.** Малинформација, злонамерна информација, точна информација, но со намера да наштети некому или да повреди некого

**4.** Софтверска програма

**6.** Лажни приказни што изгледаат како вести

**9.** Информација предадена преку медиумски канали

**11.** Известување за нешто; глас, новост

**12.** Разговор, наменет за јавноста, што го води новинар со некоја позната личност

**13.** Нешто што се знае дека е точно, особено кога може да се докаже.

## ВЕРТИКАЛНО

**1.** Информации што содржат поука, што се полезни

**5.** Дадени или научени факти за нешто или некого

**7.** Група знаци од тастатура кои обично претставуваат израз на лицето или, пак, навестуваат одреден став или емоција

**8.** Реклама што се емитува преку радио

**10.** Книга со помал број страници, со информативна содржина и сл.





Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# Поврзи ги паровите 1

| | |
|---|---|
| **дезинформација** | - информација што е неточна или лажна поради човечка грешка<br>- ненамерно<br>- се повторува и се споделува без да се провери дали информацијата е точна |
| **погрешна информација** | - точна информација, но со намера да наштети некому или да повреди некого<br>- точна, но злонамерна информација<br>Штетата се нанесува преку давање точна информација, која е извадена од контекст (значи таа е нецелосна, односно делумна), или кога е насочена само за да наштети некому. |
| **информации** | - информација што се заснова на факти, кои погрешно се претставени, т.е. содржи мешавина од факти и неточни информации или полувистини<br>- вест што е создадена и споделена намерно од страна на некој што знае дека е лажна<br>- лажна или неточна |
| **ултралажна информација** | дадени или научени факти за нешто или некого |
| **штетна информација** | слика, аудио или видеоснимка што е убедливо изменета со помош на вештачката интелигенција, со цел погрешно да се претстави одредена личност дека прави или кажува нешто што, всушност, не е направено ниту кажано. |




Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# Поврзи ги паровите 2

| | |
|---|---|
| **леток** | огромна рекламна табла за огласување постери |
| **плакат** | парче хартија на кое се печати пропаганден (рекламен) материјал. Се разнесува на улица или во поштенски сандачиња. |
| **брошура** | книга со помал број страници, во мека подврска за некое актуелно прашање, со информативна содржина и сл. |
| **реклама** | голем оглас, објава со цртеж, фотографија и малку текст за информирање, рекламирање, пропагирање и сл. |
| **факт** | намерна манипулација преку употреба на симболи (зборови, гестови, слики, знамиња, споменици, музика итн.) на мисли, однесување, ставови и верувања. |
| **пропаганда** | оглас со податоци за некого или нешто. |
| **билборд** | нешто што се знае дека е точно, особено кога може да се докаже |



Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# Лавиринт 1

**ЗАДАЧА**: Собирај ги буквите додека се движиш по патеката што те носи кон излезот и ќе го добиеш поимот кој е објаснет на почетокот од лавиринтот.

Нешто што е неточно или лажно поради човечка грешка. Не е намерно. Се повторува и се споделува без да се провери дали информацијата е точна. Обично е некаква грешка или недоразбирање, и нема за цел да измами, излаже или да повреди некого. Понекогаш може да личи на шега што некој ја сфатил сериозно или на некакво претерување



# Лавиринт 2

**ЗАДАЧА**: Собирај ги буквите додека се движиш по патеката што те носи кон излезот и ќе го добиеш поимот кој е објаснет на почетокот од лавиринтот.

Пренесување програма преку радио




Старите средства за известување пред појавата на интернетот (печатени медиуми, филмски студија, музички студија, рекламни агенции, радио и телевизија).




МЕДИУМИ

# Детектив на поими 1

**ЗАДАЧА**: Прочитај го текстот и откриј кои поими треба да стојат на празните полиња. Доколку ти е потребна помош, подолу се дадени поимите што се испуштени во текстот.



## На програмата

Леон и Сара гледаат ______________________. На програмата има _______________ каде ____________________________ за најважните случувања во државата и во светот. Леон ги чека ______________________ затоа што сака да ги пее песните за производите што се рекламираат.

За утре најавија дека ќе има _____________________ со ученикот што издал книга. Сара мисли дека тоа е _________________________________, но Леон кажа неколку ________________, кои докажуваат дека веста е точна. Сара го вклучи компјутерот затоа што сака да ги провери информациите на ______________________. Таа ја знае ______________________ од компјутерот, ги напиша _________________________________ во прелистувачот и дојде до посакуваните информации.

Сара и Леон го дочекаа интересниот ____________________________________________ што сакаа да го гледаат.

ИНТЕРВЈУ | ТЕЛЕВИЗИЈА | ИНТЕРНЕТ | КЛУЧНИТЕ ЗБОРОВИ | АНИМИРАН ФИЛМ | ИЗВЕСТУВААТ | ЛАЖНА ВЕСТ | ФАКТИ | ВЕСТИ | РЕКЛАМИТЕ | ЛОЗИНКАТА



Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# Детектив на поими 2

**ЗАДАЧА**: Прочитај го текстот и откриј кои поими треба да стојат на празните полиња. Доколку ти е потребна помош, подолу се дадени поимите што се испуштени во текстот.



## Навики

Мојот дедо бил новинар. Тој бил уредник на неделното ______________ „Екран“. Кај него уште трае љубовта кон ______________. Ужива во прелистувањето на страниците на ______________. Ги чита сите рубрики. Го интересира ______________ на новинарите. Секогаш се лути кога ќе забележи дека некој новинар не ги почитува ______________ во новинарството. Исто така го лути кога ќе прочита ______________ ______________ или ______________. Тој секогаш ги насочувал своите новинари да пишуваат точни информации што се засноваат на ______________. Вели дека во негово време немало толку ______________ содржини и ______________. Секогаш нагласува дека новинарството е одговорна професија.

ШТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА | МАНИПУЛАТИВНИ | СПИСАНИЕ | ЕТИЧКИТЕ СТАНДАРДИ | ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ | ПРОПАГАНДА | МИСЛЕЊЕТО | ФАКТИ | ВЕСНИЦИТЕ | ПОГРЕШНА ИНФОРМАЦИЈА


Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.
DO NOT MIS/ DIS TechCamp Ohrid DIG-ED U.S. Embassy Skopje

# Дешифрирање со анаграми 1

**ЗАДАЧА**: Со решавање на анаграмите ќе добиеш зборови кои се тесно поврзани со конечниот поим. Конечниот поим ќе го добиеш со помош на броевите што ги означуваат соодветните букви.

| Анаграм | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИАЦНЈАИМА** | 1 | 2 | | 4 | 1 | | | | 1 |
| **ЛФМИ** | 6 | | 7 | 4 | | | | | |
| **РЦТЕЖ** | | 5 | | | | | | | |
| **ИВЛКИО** | 7 | 3 | | | | 3 | | | |
| **КИМАУЗ** | 4 | | | 3 | | 1 | | | |
| **ИДАСРОЖН** | | | | 5 | | 3 | 2 | | |
| **АПРКАО** | | | 5 | 1 | | 3 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 3 | 5 | 1 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | 3 | 7 | 4 |

# Дешифрирање со анаграми 2

**ЗАДАЧА**: Со решавање на анаграмите ќе добиеш зборови кои се тесно поврзани со конечниот поим. Конечниот поим ќе го добиеш со помош на броевите што ги означуваат соодветните букви.

**ЕАМИИСЈ**

4 2

**ЛКЕИРМА**

1 2 4

**ВЕТИС**

4

**УМКИЗА**

4 2

**ВНИЈЕРУТ**

4 1

**ДВТЛЕИО**

5 3 4

1 2 3 4 5

# Дешифрирање со анаграми 3

**ЗАДАЧА**: Со решавање на анаграмите ќе добиеш зборови кои се тесно поврзани со конечниот поим. Конечниот поим ќе го добиеш со помош на броевите што ги означуваат соодветните букви.

**ТЕВСИ**

1 5

**ИВВТАЕСЗЊЕУ**

3 1 5 2 1

**РИМКЕЛА**

9 1 4 6 3

**ИЈВТНРЕУ**

7 2 1 9

**МДУИЕМ**

8 3 3

**КАФТ**

6 4 2

**ИРНКСОИК**

9 3 5 7

Ч

1 2 3 4 3

5 2 6 7 8 6 9 8 3



Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# Откриј кој наслов служи како МАМКА

**ЗАДАЧА**: Некои од лажните вести или текстови без значајни информации се кријат зад наслови што служат како мамка. Овие наслови се повпечатливи и неверојатни и ја будат љубопитноста на читателите. Откриј кои од прикажаните наслови служат како мамка за да се отвори текстот.

Означи со ✓ доколку овој наслов мислиш дека е мамка или со ✗ ако мислиш дека не е. Потоа на линиите објасни зошто мислиш така.

◯ **НЕВЕРОЈАТНО!!! Учениците од Охрид се милионери!** - Учениците од Охрид се милионери. Тие секојдневно... **ВИДИ ПОВЕЌЕ**

ЗОШТО? ______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

◯ **Ужасна случка во нашето маало!!! Кучињата се нахранија со мачките!** - Кучињата од нашето маало се нахранија... **ВИДИ ПОВЕЌЕ**

ЗОШТО? ______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

◯ **Петко Петковски има неверојатен успех на Математичката олимпијада - освои златен медал** - Петко Петковски е првиот ученик од Штип што освои златен медал на... **ВИДИ ПОВЕЌЕ**

ЗОШТО? ______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________



Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

DO NOT MIS/ DIS TechCamp Ohrid DIG-ED U.S. Embassy Skopje

# Откриј каква е оваа ИНФОРМАЦИЈА

Информациите во јавноста можат да бидат прикажани различно. Начинот како се известува јавноста зависи од:

- сите што објавуваат и споделуваат различни информации на социјалните мрежи,
- сите што споделуваат информации во комуникацијата со други личности,
- а посебно од професионалниот однос на новинарите и придржувањето до етичкиот кодекс на медиумите, односно колку информирањето е непристрасно, точно и објективно.

**ЗАДАЧА**: Прочитај за случката во паркот и начинот како е известена јавноста за тоа. На линијата напиши каков вид на информација е и продискутирај зошто мислиш така.

Мила и Саше си играа во паркот. Кон нив дојде кучето на Саше. На кучето толку многу му се допадна играта на Мила и Саше, што веднаш се вклучи во неа. Мила се протнуваше под кучето, а Саше го прескокнуваше. Во еден момент сите лежеа во песокот и се препелкаа лево-десно. Тоа беше еден многу возбудлив ден за Мила и Саше.

**КУЧЕ НАПАДНА ДВЕ ДЕЦА ВО ПАРКОТ!** - Денес во паркот беше видено куче како нападна две деца. Децата лежеа беспомошно на песокот и се превртуваа од болки. Сопственикот на кучето е сопственик на игротека. Веднаш треба да му се одземе дозволата!

**КУЧЕ СПАСИ ДЕЦА ОД ЗАДУШУВАЊЕ!** - Денес во паркот кучето Барни ги спаси Мила и Саше од задушување. Додека децата си играле во песокот, наишле на некоја конзерва со отровна материја. Кога кучето забележало дека децата паднале во песокот и се бореле за здив, тоа легнало врз конзервата за да спречи понатамошно ширење на отровот. Ова е неверојатно куче! Сопственикот треба да се награди!

**КУЧИЊАТА СКИТНИЦИ ГИ ЗАДЕВААТ ДЕЦАТА ВО ПАРКОТ!** - Очевидци кажуваат дека денеска во паркот кучињата скитници ја попречуваа играта на децата. Овие кучиња се извор на зараза и треба да бидат подалеку од децата.


Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# Откриј кои фотографии се УЛТРАЛАЖНИ

Фотографиите, видеата и аудиоснимките кои се направени или променети со помош на вештачка интелигенција се ултралажни (Deepfake). Тие може да прикажуваат нешто што не е реалистично, но можат и да изгледаат сосема нормално. Секоја фотографија, видео или аудиоснимка што се споделува на интернет може да е ултралажна. Провери ја или барем немој да дозволиш веднаш да те обземат силни емоции.

Означи со ✓ доколку сметаш дека фотографијате е ултралажна или со ✗ ако мислиш дека не е. Потоа на линиите објасни зошто така мислиш.



ЗОШТО___________________
______________________________
______________________________



ЗОШТО___________________
______________________________
______________________________



ЗОШТО___________________
______________________________
______________________________



ЗОШТО___________________
______________________________
______________________________



ЗОШТО___________________
______________________________
______________________________



ЗОШТО___________________
______________________________
______________________________




Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# Креирај ВЕСТ

**ЗАДАЧА:** Проучи ги принципите и стандардите на непристрасно, точно и објективно информирање на јавноста и креирај вест за некоја ситуација од твоето секојдневие што заслужува да биде раскажана пред јавноста.



Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

# Креирај ТВ програма

**ЗАДАЧА:** Замисли дека ти си уредник на програмата во телевизијата за деца „Шарен свет“. Направи план какви емисии ќе прикажуваш и колку време од денот ќе одвоиш за нив. Размисли на кој начин им помагаш на децата со твојата програма. Размисли што различно можеш да им понудиш на децата. Размисли зошто твојата телевизија е подобра од другите телевизии за деца.

ЕМИСИИ ВРЕМЕТРАЕЊЕ

КАКО ЌЕ ИМ ПОМОГНАМ НА ДЕЦАТА?

НЕШТО РАЗЛИЧНО...

ЗОШТО ОВАА ТВ ПРОГРАМА Е ПОДОБРА ОД ДРУГИТЕ?



Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.

DO NOT MIS/ DIS TechCamp Ohrid DIG-ED U.S. Embassy Skopje

# Креирај информативно гласило

**ЗАДАЧА:** Добиваш задача да го уредиш училишниот весник или пак порталот на училиштето што е наменет за своите ученици. Кои рубрики би ги опфатил? Какви вести сакаш да објавуваш? Што е тоа што би било неприфатливо за објавување? Како ќе ги примамиш учениците да ги читаат содржините во твоето информативно гласило. За цело време треба да размислуваш на етичкиот кодекс на новинарите.

## Листа на рубрики

## Вести

| Прифатливи | Неприфатливи |
| --- | --- |
| | |

## Како ќе ги привлечам учениците да ги читаат содржините?

**Намали ризик - медиумска писменост на македонски јазик**

Проект за креирање на речник, усвојување и примена на термините од медиумска писменост на македонски јазик

Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД и Диг-Ед. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД и Диг-Ед.